РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2755/5
14-11-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријави од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 25 - та седница одржана на 12.11.2025 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријави заведени под број 09-2755/1 од 13.10.2025 година, 09-2755/2 од 15.10.2025 година против службеното лице ----------, претседател на Комисијата за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права, СЕ ЗАПИРА.

Поради постоење на потенцијален судир на интереси ДКСК препорачува службеното лице -------- да се изземе од постапување и одлучување во однос на кандидатот ---------.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија на ден 13.10.2025 година и 15.10.2025 година поднесени се пријави заведени под број број 09-2755/1 и 09-2755/2 од познат подносител со наводи за постоење на судир на интереси кај службеното лице ----------, претседател на Комисијата за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст Комисијата).

Подносителот наведува дека на ден 04.09.2025 година е објавен оглас за избор на кандидати за судија на РСМ во Европскиот суд за човекови права во Службен весник на РСМ бр. 184/2025. На 08.10.2025 година од страна на Комисијата е одржана 2 – та седница на која е извршена административна проверка на апликациите во однос на критериумите објавени во јавниот оглас и по проверката е утврдена листата на апликанти кои ќе продолжат во следната фаза - интервју. Комисијата на оваа седница заседавала во полн состав.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Понатаму, во пријавата се наведува дека еден од кандидатите кој е повикан на интервју е лицето ------------, професор во областа на меѓународното јавно право и актуелен декан на Правниот факултет „---------" при УКИМ Скопје. Подносителот посочува дека овој кандидат во 2008 година бил ментор на магистерскиот труд на претседателот на Комисијата - ------------, под наслов „------------------ при што трудот е објавен како публикација преку Правниот факултет „-----------" при УКИМ Скопје. Исто така во 2012 година ----------- како автор имал објавено докторска дисертација под наслов „----------------------" при што трудот е објавен како публикација преку Правниот факултет „-----------" при УКИМ Скопје, додека како ментор е наведен кандидатот ------------. Согласно подносителите на пријавите, --------- како претседател на Комисијата, на седницата одржана на 08.10.2025 година без да се изземе од процесот на селекција на кандидати меѓу кои е неговиот ментор ----------, се довел во состојба на очигледен судир на интереси.

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до службеното лице ---------, претседател на Комисијата по што врз основа на добиениот одговор, доказите и прибавената документација се утврди следново:

Видно од доказот во пријавите - Комисијата е формирана со Одлука на Владата на РСМ со бр. 50-7242/5 од 22.07.2025 година во состав од ---------, претседател на Уставниот суд на РСМ како претседател на Комисијата, ------------, претседател на Врховниот суд на РСМ, -----------, претседател на Кривичниот суд Скопје, ---------, претседател на Граѓанскиот суд Скопје и ----------, директор на Академијата за судии и јавни обвинители „ -----------" како членови.

Постапката за избор на кандидати на РСМ за судија во Европскиот суд за човекови права е уредена со Деловникот за работа на Комисијата, бр. 08-26010/25-2 од 03.09.2025 година, во кој се содржани одредби за надлежностите на Комисијата, начин на работа, правила за постапката за евалуација, селекција и избор на кандидатите и сл.

Видно од доставениот Записник од одржаниот втор состанок на Комисијата на ден 08.10.2025 година, Комисијата за избор заседавала во полн состав и едногласно констатирала дека од вкупно 20 пристигнати апликации, 11 кандидати ги исполнуват минимум условите предвидени во Јавниот оглас согласно Европската конвенција за човекови права и препораките и стандардите на Советот на Европа и се квалификуваат за следната фаза на постапката - интервјуа.

Видно од доставениот Записник од одржаниот трет состанок на Комисијата за избор на ден 20.10.2025 година претседателот ----------ги известил членовите на Комисијата за поднесените претставки до Државната комисија, за кои дознал од медиуми, со

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

наводи за потенцијален судир на интереси помеѓу него како претседател на комисијата и еден од кандидатите од селектираната листа за интервјуа. Поради сензитивноста на целиот процес при спроведувањето на националната постапка за избор на три кандидати за судија во Европскиот суд за човекови права како претседател на комисијата предложил на членовите доколку сметаат дека постои потенцијален судир на интереси да биде изземен во текот на спроведувањето на интервјуата на кандидатите и во фазата на избор на тројца кандидати. На членовите на Комисијата им потврдил дека ------------ е негов ментор при изработка на магистерскиот труд во 2008 година и на докторската дисертација во 2012 година. Бидејќи менторството е завршено пред 13 години тој смета дека во овој случај не станува збор за пристрасност ниту за потенцијален судир на интереси. Согласно предлогот од претседателот на комисијата -----------, членовите на комисијата едногласно не го прифатиле и одлучиле да се спроведат закажаните интервјуа по однапред утврден распоред.

Согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

„Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности."

Согласно член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено дека кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување. Во врска со овој член, службеното лице ------------ ги информирало членовите на Комисијата за избор во врска со кандидатот ----------- за кое побарал негово изземање од понатамошните фази од постапката кој предлог не бил прифатен од страна на членовите на Комисијата.

Државната комисија, имајќи ги предвид цитираните законски одредби и утврдената фактичка состојба констатира дека во конкретниот случај постоела академска и професионална соработка помеѓу службеното лице ----------- како претседател на Комисијата за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права и кандидатот ------------- кој бил негов ментор при изработка на магистерски труд и докторска дисертација. Иако ваквата академска и професионална соработка при менторството не е актуелна во моментот кога се спроведува постапката и не е реален судир на интереси, сепак постоењето на таквиот

однос може да создаде објективно оправдан сомнеж кај јавноста во непристрасноста при постапувањето и одлучувањето.

Согласно наведеното, Државната комисија цени дека во конкретната ситуација постојат околности за потенцијален судир на интереси, што покрај останатото подразбира и лично чувство на службеното лице за што потврдува и неговото барање за изземање од постапката во однос на неговиот ментор поради што Државната комисија препорачува службеното лице ---------- како претседател на Комисијата да се изземе од постапување и одлучување во рамки на Комисијата, во однос на кандидатот ---------------, а со цел да се избегне било какво сомневање за влијание, директно или индиректно, врз носењето на одлуката на Комисијата, во согласност со принципите на транспарентност, еднаков третман и јавен интерес.

Државната комисија при разгледувањето на случајот особено ценеше дека станува збор за постапување на Комисија за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права, па во таа смисла ги имаше предвид стандардите утврдени низ судската пракса на Европскиот суд за човекови права во поглед на непристрасноста. Имено, според стандардот на објективна непристрасност при одлучувањето утврден од Европскиот суд за човекови права, не е важно дали постои реална докажана пристрасност, туку доволно е да постои можност за оправдан сомнеж во непристрасноста од перспектива на разумен набљудувач.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Согласен: м-р Б.К.Ш. – член на ДКСК